Предлагачи: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

## за изменување на Законот за водите

Скопје, октомври 2009 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено | 26 -10- 2009 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 4481/1 | | |

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Македонија и членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот за водите.

**Пратеници,**

**Љубисав Иванов – Ѕинго**

**Владанка Авировиќ**

**Јован Лазарев**

**ВОВЕД**

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со законот за водите ("Службен весник на Република Македонија" број 4/98, 19/2000, 42/2005, 46/2006, 87/2008 и 6/2009) се регулираат областите: користење на води и заштита од штетното дејство на водите. Овој закон е структуиран и како рамковен закон, што значи дека содржи општи стандарди и принципи за начинот на кој ќе се управуваат водите во Република Македонија. Согласно член 265 овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2010 година, со што надлежна институција за управување со водите е Министерството за животна средина и просторно планирање, односно надлежностите во управувањето со водите кои Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ги имаше според сите претходни закони и законот за води од 1998 година, преминуваат во Министерството за животна средина и просторно планирање.

Со овој Предлог за изменување на Законот за водите се предлага измена во членот 265 во делот на примена на законот и се предлага Законот да започне да се применува од 1 јануари 2014 година, а заради следниве причини:

Со започнување со примена на новиот закон за водите, Министерството за животна средина и просторно планирање треба да биде одговорно за:

1. Администрирање со водите што опфаќа
   - издавање на водостопански дозволи;
   - водостопански согласности;
   - концесии за користење на водите;
   - водостопанска инспекција.
2. Планирање според кое се предвидува:
   - изработка на национална стратегија за водите;
   - водостопанска основа;
   - планови за управување со водите по сливни подрачја.
3. Финансирање:
   - Програма за управување со водите.

Со започнување на примена на Законот, Министерството за животна средина и просторно планирање ќе биде надлежно за издавање на водостопански дозволи и водостопански согласности, што моментално е во надлежност на Управата за водостопанство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Исто така, Фондот за водите, институција формирана со Законот за водите од 1 јануари 2010 година се укинува, а финансирањето ќе се врши преку

Програмата за управување со водите која ќе ја донесува Владата на Република Македонија на предлог на Министерството за животна средина и просторно планирање, кое ќе биде надлежно за спроведување на оваа Програма.

Оперативните работи во управувањето на водите, односно стопанисувањето со објектите со кои, практично, се создадени водните ресурси или поточно браните и акумулациите и се' што е поврзано со нивната функционалност и стабилност, што е од витален интерес во поглед на правилното управување со водните ресурси. Истите се создадени по принципот на самоодржливост и економска оправданост, како и висока стручност и затоа е од исклучителна важност нивното правилно управување.

Во водостопанската дејност во тек се системски реформи преку ликвидација на водостопанските претпријатија и формирање на нови водостопанства и водни заедници, истите се' уште не се завршени. Во рамките на реформите во водостопанството донесени се Законот за водостопанства и Законот за водни заедници. Реформите се вршат со проект финансиран од Светска Банка, зависат од повеќе субјекти, се комплексни и се' уште не се завршени.

Користењето на водата кај нас се врши преку повеќенаменски водостопански објекти за обезбедување на вода за различни намени, заштитан од поплави, па и во некоја мерка заштита на водите од загадување. Управувањето на овие повеќенаменски водостопански објекти во најголема мера е во надлежност на новоформираните водостопанства, како правни субјекти, формирани од Владата на Република Македонија, согласно Законот за водостопанства. Во членот 191 од Законот за водите е уредено дека за работите поврзани со дејноста на водостопанските организации е надлежно Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Во членот 263 од истиот Закон е наведено дека Управата за водостопанство од 1.01.2010 година продолжува да работи како орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и е надлежна за работите поврзани со водните заедници. Од друга страна, активностите и работите кои ги врши водостопанството во управувањето и одржувањето на браните, заштитата и одбраната од поплави, вклучително и уредувањето на коритата и каналите се во надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање. Ваквата неусогласеност на членовите кои се горе наведени во однос на водостопанствата ќе го доведе во прашање и ефикасното функционирање на истите, поради тоа треба да се усогласат надлежностите на дејноста што ја вршат водостопанствата со надлежноста врз самите нив како правни субјекти. Ова значи дека едно министерство треба да биде надлежно и за активностите кои ги вршат водостопанствата и за самото водостопанство како правно лице. Како реформите во секторот водостопанство не се завршени, а промената на дел од надлежноста е предвидено да започне од 1.01.2010 година, водостопанството кое е во тешка состојба, ќе се доведе до уште поголемо влошување.

Во новиот Закон за водите, директно се пренесени барањата од Рамковната директива, но за нејзина имплементација е потребно да се донесат повеќе од 100 подзаконски акти. Имплементацијата на оваа директива бара соодветен капацитет на институциите кои ја спроведуваат истата, но моментално институциите немаат доволно човечки ресурси. Затоа има потреба од дополнителен период, неопходен да се заврши веќе започнатиот процес на јакнење на институционалните капацитети преку јакнење на човечките ресурси и неопходна соодветна обука. Покрај овие аргументи за одложување на примената на Законот за водите, дополнителен недостаток е што планските документи како националната стратегија, водостопанска основа, со што ќе се заокружи веќе почнатиот процес на реформи во областа на водостопанството. Во водостопанството моментално во фаза на реализација се три капитални проекти: ХС "Злетовица", ХС "Лисиче" и Јужен Вардар, со чија реализација ќе се подобри искористувањето на водите за наводнување и водоснабдување со вода за пиење на повеќе од 150 илјади жители, а ќе се подобри во голема мера и оперативното управување со водите на територијата што се опфаќа со овие системи. Реализацијата на овие проекти во моментов се одвива преку Управата за водостопанство, која е во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Продолженијата на овие проекти со проектот Јужна Вардарска Долина – II фаза, Злетовица – II и III фаза и Лисиче – II фаза треба да продплжат врз веќе воспоставените принципи на работа, претходната фаза успешно се реализира. Со примената на законот за води од 1.01.2010 година со сигурност ќе се наружи динамиката на реализација на проектите, но и нивното успешно завршување.

На државно ниво се започнати активности за иаградба по пат на концесија на повеќе наменски објекти Чебрен и Галиште на реката Црна, Бошков Мост на Мала Река и повеќе мали хидроелектрани, а особено како најголем хидроградежен зафат секако е проектот Вардарска Долина, исто така повеќенаменски водостопански објект. Ова ја покажува огромната важност на водата и водостопанската хидроградежна инфраструктура за која во процесот на градежно- административната документација (процесот е на почеток, а потребни се повеќе елаборати, согласности, дозволи, мислења и сл.) неопходна е јасна законска регулатива, соодветно стручно преточување на таа регулатива во оформување на документацијата, упростување на процедурите и забрзување на процесот за започнување на планираните градби.

Погоре наведеното е доволен аргумент да се одложи примената на Законот за водите за четири години, период кој би бил оптимален сите започнати процеси да се завршат. Секако, поставувањето во овој период на јасна финансиска состојба, прецизирање на одговорностите на соодветните министерства, донесување на Националниот совет за води, зголемување на административните капацитети, донесување на многуте подзаконски акти ќе биде од исклучително значење за целосно преземање на предвидените активности утврдени во Законот за водите.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со цел обезбедување на правна рамка за одложување на примената на Законот за водите за четири години, како и во насока на усогласување на законската регулатива со ситуацијата која ќе настане во пракса, се предлага изменување на Законот за водите.

Законот чие изменување се предлага, се заснова на истите начела врз кои се заснова Законот за водите.

Со предложеното изменување на овој закон ќе се пролонгира времето на примената на овој закон за четири години.

## III. ОЦЕНА ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот за изменување на Законот за водите нема да предизвика финансиски импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИТЕ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Предлогот на закон за изменување на Законот за водите не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

### за изменување на Законот за водите

### Член 1

Во Законот за водите ("Службен весник на Република Македонија" број 87/2008 и 6/2009) во членот 265 зборовите "1 јануари 2010 година" се заменуваат со зборовите "1 јануари 2014 година".

### Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во" Службен весник на Република Македонија".

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

**НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОДИТЕ**

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во водостопанската дејност во тек се многу сериозни системски реформи преку ликвидација на водостопанските претпријатија, а исто така се формираат нови водостопанства и водни заедници. Како истите се уште не се завршени, потребно е дополнително време да се завршат, поради што сметаме дека со продолжувањето на рокот на примената на овој закон ќе се овозможи истите квалитетно да се завршат.

Исто така, во рамките на реформите кои се вршат во мемонтот во водостопанството донесени се Законот за водостопанство и Законот за водни заедници, а овие реформи се вршат со проект финансиран од Светската банка. Истите се уште не се завршени. Затоа е нужно да се пролонгира времето на примена на законот за водите.

Предложената измена се врши во членот 265 од Законот за водите во кој е уредено влегувањето во сила на Законот и се предлага негово изменување.

Со Предлог законот за изменување на Законот за водите се пролонгира неговата примена наместо од 1 јануари 2010 година да почне да се применува од 1 јануари 2014 година.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата во предложената одредба се меѓусебно поврзани.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со донесување на овој закон ќе се завршат започнатите реформи во водостопанската дејност кои објективно не може да бидат завршени до 31.12.2009 година. Проектирањето на примената на законот за води од 1 јануари 2014 година ќе овозможи завршување на започнатите проекти кои се одвиваат преку Управата за водостопанство, која е во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а се во втора фаза на реализација.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБА НА ЗАКОНОТ ЗА ВОДИТЕ ШТО СЕ ИЗМЕНУВА

("Службен весник на Република Македонија" број 87/2008 и 6/2009)

Член 265

**Влегување во сила**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2010 година, додека одредбите од Главата III и Главата XI на овој закон ќе започнат да се применуваат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.